Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-474/6
26.12.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-474/1 од 26.6.2024 година поднесена од [redacted] против СМУГС „Д-р Панче Караѓозов" Скопје и Министерство за образование и наука, за извршена дискриминација врз основа на социјално потекло, религија или верско уверување и образование во областа на образование, наука и спорт, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на социјално потекло, религија или верско уверување и образование во областа на образование, наука и спорт сторена од страна на СМУГС „Панче Караѓозов" Скопје и Министерството за образование и наука врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-474/1 од 26.6.2024 година, поднесена од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на социјално потекло, религија или верско уверување и образование во областа на образование, наука и спорт од страна на СМУГС „Панче Караѓозов" Скопје и Министерството за образование и наука.

Согласно наводите од претставката, подносителката на истата го завршила основното образование во училиштето „25 Мај", и се пријавила на уписите за насока „фармацевт" во СМУГС „Панче Караѓозов" Скопје на 21.6.2024 година. Во однос на претходно наведеното, на 26.6.2024 година биле објавени резултатите од конкурсот за упис во прва година, при што подносителката наведува дека таа била на списокот со кандидати кои не биле примени. Во прилог на ова, подносителката дополнително наведува дека основното образование го завршила со одличен успех, при што со оцена многу добар (4) била оценета само по предметите хемија и информатика.

Во продолжение на претставката, подносителката наведува дека имала позитивно решение за финансиска поддршка која ја доделува Министерството за образование и наука, меѓутоа истата не ја добила.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 10.7.2024 година испрати Известување бр. 08-474/2 за произнесување по наводите од претставката до СМУГС „Панче Караѓозов" Скопје со конкретно барање за одговор на следните прашања:

- Дали постапката за упис на фармацевтите била запазена од страна на училиштето?
- Колку кандидати се примени од македонска, а колку од албанска етничка припадност и како е извршено рангирањето на кандидатите?
- Дали подносителката на претставката ги исполнила критериумите и колку поени освоила на приемниот испит (доколку има таков) во споредба со останатите кандидати, како и

конечниот број на поени со кој се квалификувала на ранг листата на пријавени кандидати за прием на насоката за фармацевти?

Дополнително, на 12.7.2024 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати известување за произнесување заведено под арх. бр. 08-574/3 до Министерството за образование и наука, со барање за конкретна информација во однос на тоа дали подносителката на претставката за заштита од дискриминација аплицирала на јавен повик за финансиска поддршка, како се одвивала процедурата за избирање на апликанти, дали таквиот додаток ѝ бил одобрен и доколку да, дачи истиот ѝ бил исплатен на подносителката.

На ден 26.8.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено произнесување по наводите од претставката за заштита од дискриминација доставено од страна на СМУГС „Панче Караѓозов“, а заведено под арх. бр. 08-474/4.

Во одговорот на наводите од претставката, од страна на училиштето наведуваат дека постапката за упис на ученици во прва година секоја учебна година се спроведува согласно конкурсот од Министерството за образование и наука. Оттука, за тековната учебна година наведуваат дека на македонски наставен јазик биле примени 52 ученика, додека останати се 16 слободни места. Притоа, на албански наставен јазик биле примени 34 ученици, по спроведено квалификационо тестирање кое го спроведува Министерството за образование и наука по претходно барање на училиштето. Во врска со квалификационото тестирање, во произнесувањето е истакнато дека во рамките на истото се опфатени само учениците кои имаат ист број на поени. Оттука, наведено е дека подносителката на претставката за заштита од дискриминација [redacted] воопшто не била примена на квалификационото тестирање поради фактот што не е меѓу учениците кои имаат ист број на поени, односно подносителката има помал број на поени од потребниот за да биде дел од групата врз која било спроведено квалификационото тестирање. На крајот на произнесувањето, наведено е дека на квалификационото тестирање се повикани само учениците кои имаат освоени 75 поени, согласно остварениот просечен успех од основното образование 5.00.

Поради фактот што и по истекот на законски предвидениот рок, и покрај добиената испратница за уредна достава на известувањето за произнесување до МОН, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација немаше пристигнато произнесување од страна на Министерството за образование и наука, истото беше доставено во електронска форма на 26.12.2024 година, заведено со архивски број 13-7421/1 од 6.8.2024 година, при што архивата на Комисијата е заведено под бр. 08-474/5 од 26.12.2024 година.

Во произнесувањето доставено од страна на МОН, наведуваат дека подносителката на претставката за заштита од дискриминација, како ученичка во ООУ „25 Мај“ – Општина Гази Баба аплицирала на јавен повик за финансиска поддршка за учениците од основните и средните училишта чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето плата до 50.000 денари. Во однос на наведениот јавен повик, од Министерството наведуваат дека имаат исплатено финансиски средства согласно јавниот повик на сите ученици кои аплицирале и ги исполниле условите за финансиска поддршка за месеците декември 2023 година, јануари, февруари, март и април 2024 година. Оттука, наведено е дека на лицето кое ја поднело претставката исплатени се финансиски средства за наведените месеци на име [redacted], која е подносителка на барањето. Согласно одговорот на наводите од претставката изготвен на 6 август 2024 година, наведено е дека во однос на постапката за исплата за месец мај е во процедура за сите ученици меѓу кои и ученичката [redacted]

Како одговор на наводите за дискриминација при уписот во прва година во учебната 2024/2025 година во јавните средни училишта, од страна на Министерството известуваат дека Конкурсот за упис на ученици во прва година за сите јавни средни училишта во Република Северна Македонија бил објавен на 29.3.2024 година, при што во поглавјето IV, како конкурсни рокови од Конкурсот биле предвидени два рока за електронско пријавување на учениците. Оттука, истакнато е дека во училиштата каде што се пријавуваат поголем број на ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број на ученици кои е предвиден во конкурсот, со ист број на поени, се организира квалификациско тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по наставни предмети карактеристични за струката.

Во врска со претходно наведеното, согласно Конкурсот за образовниот профил фармацевтски техничар на албански наставен јазик биле предвидени да се запишат 34 ученика во 1 паралелка со минимум 70 поени. Оттука, за наведениот образовен профил после првото пријавување биле пријавени 40 ученика со ист број на поени кој изнесува 75. Во однос на подносителката на претставката за заштита од дискриминација, наведено е дека согласно електронската пријава и приложената документација, било утврдено дека истата има 74.16 поени, со што во објавената листа била рангирана под првите 40 ученика кои ги исполниле условите за понатамошниот процес на квалификациско тестирање.

Во прилог на одговорот на наводите од претставката, од страна на Министерството за образование и наука беше доставена и листа за извршена исплата на средства во износ од 1.200 денари на 12.2.2024 и 15.4.2024 година, како и во износ од 2.400 денари на 22.7.2024 и 11.12.2024 година.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на СМУГС „Панче Караѓозов“ Скопје и Министерството за образование и наука врз [redacted] согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај, не е исполнета погоре цитираната законска дефиниција за дискриминација, имајќи го во предвид фактот дека подносителот на претставката за заштита од дискриминација не воспоставил каузална врска помеѓу дејствијата со кои тврди дека бил дискриминиран и наведените дискриминаторски основи. Имено, согласно податоците прибавени од произнесувањето по наводите од претставката, Комисијата констатира дека подносителката не била на списокот со приемни кандидати за упис на прва година во СМУГС „Панче Караѓозов“ поради фактот што не го освоила бројот на поени кој бил потребен за истата да може да го полага квалификацискиот испит. Оттука, имајќи го претходно наведеното во предвид, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди дека била сторена дискриминација врз основа на социјалното потекло, религијата или верското уверување или образованието на подносителката, ценејќи го фактот дека подносителката не го освоила доволниот број на поени согласно постигнатиот просечен успех во основното образование, поради што и не ги исполнила условите за квалификацискиот тест за прием во прва година.

Во однос на наводите за дискриминација од страна на Министерството за образование и наука, Комисијата утврди дека при исплатата на додатокот за финансиска поддршка, на подносителката ѝ била исплатена целосната сума за истиот, во временски интервали кои не се разликуваат од останатите ученици кои го оствариле правото на овој додаток согласно наведениот јавен повик, при што кон подносителката не била сторена дискриминација и разликување во пристапот до наведеното право врз основа на нејзиното социјално потекло, религија или верско уверување и образование, кои како дискриминаторски основи се наведени во претставката за заштита од дискриминација.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основа на социјално потекло, религија или верско уверување и образование во областа на образование, наука и спорт од страна на СМУГС „Панче Караѓозов“ Скопје и Министерството за образование и наука врз [redacted]

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
26.12.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Димко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- СМУГС „Панче Караѓозов“ Скопје, ул. „Мајка Тереза“, 1000 Скопје
- Министерство за образование и наука, бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје